# СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ НА ЗЕЛС
Јули, 2024 г.

**<u>Вовед</u>**:

Повеќе од една деценија ЗЕЛС воспостави механизам на утврдување на приоритетните прашања од значење за развој на локалната самоуправа преку широк опфат на консултација на сите општини во Републиката, прибирање на нивните ставови и приоритетни прашања и нивно меѓусебно усогласување во единствен документ наречен Систематизирани ставови на ЗЕЛС. Овој механизам подразбира активност на консултација на годишна основа, ревидирање на утврдените ставови по изминати неколку години и обезбедување на негова актуелност и реален одраз на најприоритетните прашања кои претстојат да бидат надминати.

Оваа година, Управниот одбор на ЗЕЛС по широка консултација спроведена по одржувањето на Генералното собрание, во јуни 2024 година, сака да ги усвои новите Систематизирани ставови на ЗЕЛС кои ќе бидат јавно презентирани и ќе послужат како основ за застапување на општините и лобирање од страна на ЗЕЛС во нивен интерес.

## ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

1. ЗЕЛС бара да се спроведе поголем обем на децентрализација на власта како политички процес кој правно ќе заврши со пренесување на голем опфат на надлежности од државните органи на управата во надлежност на единиците на локалната самоуправа кои со тоа ќе станат единствено надлежни органи.

   **<u>Образложение</u>**: Со пренесувањето на надлежностите потребно е да се утврдат формите на обезбедување на ефикасен и брз начин на контрола и надзор врз работата на општините заради нивното постапување на начин утврден со Закон и други прописи.

2. ЗЕЛС бара во соработка со Владата да се изготви Стратегија за развој на системот на локалната самоуправа за следните 4 години во кои ќе се опфатат сите новини, воведување на техничко - технолошки методи во спроведувањето на надлежностите на локалната самоуправа, а со која ќе се утврди насоката на развој на системот на локална самоуправа во иднина.

   **<u>Образложение</u>**: Системот на локалната самоуправа мора да се развива на начин кој ќе биде взаемно усогласен и утврден со национална стратегија на која ќе и претходи сеопфатна инклузивност на сите чинители и отворена расправа за целите и резултатите кои треба да се постигнат.

3. ЗЕЛС бара, да се донесе Закон за комунална, општинска полиција. Општината мора да има надлежност во обезбедувањето на комуналниот ред, примена на мерки од областа на јавната чистота, заштитата на животната средина, давањето на угостителските услуги, узурпација на јавни површини, бучава, непрописно паркирање, злоупотреба на зелени површини, загадување на води итн. односно

надлежност која ќе подразбира изрекување на мандатни казни за сторени прекршоци. За утврдување на ваква надлежност дебатата е отворена уште во 2019 година.

**<u>Образложение:</u>** Многу од активностите, кои и сега се дел на надлежностите на локалната самоуправа, побаруваат многу често и асистенција од униформирани лица. Тоа најчесто се случува околу справување со нелегалните градби, со одржувањето на чистотата во општината, но и со одржувањето на јавниот ред и мир. Заради сите наведени активности, а и заради добрите примери од соседните и други земји, мислиме дека треба да се врати оваа надлежност на општините, а ние сме подготвени да се вклучиме во изработка на Законот.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

4. Моделот на обезбедување на финансиски средства како изворен приход за општините да се оствари преку утврдениот процент од прибраните средства по основ на данокот на додадена вредност (ДДВ) во висина од 10% и повисок процент од остварениот персонален данок на доход во висина од 50% и тоа како нагорен тренд и основа за дополнително зголемување во иднина.

   **<u>Образложение</u>**: Директните изворни приходи по основ на ДДВ и персонален данок на доход мора да соодветствуваат со обемот на надлежностите кои ги извршуваат општините, заради што мора да се следат примерите од развиените држави во кои има многу позитивни примери за огромната разлика во висината на процентот наменет за општините споредено со нашата држава.

5. ЗЕЛС бара со Закон да се утврди дека податоците за запишаните сопственици на имот во јавните книги при Агенцијата за катастар на недвижности кои се даночни обврзници согласно Законот за даноците да бидат достапни за општините без надомест.

   **<u>Образложение</u>**: Општините не располагаат со податоците за сопствениците на имот кој е предмет на даночење согласно Законот за даноците на имот, односно истите треба да ги обезбедат преку плаќање на огромни надоместоци кон Агенцијата за катастар на недвижности. За да може да се обезбеди правичност во примена на даночната политика кон сите даночни обврзници подеднакво, но и да не се оштети буџетот на општината, потребно е да се располага со податоците на запишани права врз имотот во јавните книги без надомест. Тие податоци потоа ќе послужат за конечна изработка на електронски систем, кој значително ќе ги покачи приходите на општините и ќе им ја олесни работата.

6. ЗЕЛС бара да започне целосна примена на Законот за рамномерен регионален развој и предвидените средства во висина од 1% од бруто – домашниот производ да се издвојуваат за проекти за поддршка на развојот.

   **<u>Образложение</u>**: Со Законот за рамномерен регионален развој се предвидува дека средства во висина еднаква на 1% од бруто-домашниот производ ќе се наменат и

искористат за финансирање на проекти од регионално значење. Иако Зкаонот се применува речиси една декада, сè уште во целост не се применува оваа одредба, а истата е клучна за локалниот економски развој.

7. Средствата наменети за капитални инвестиции треба да бидат изворни трансфери на средства со соодветна намена за општините.

   **Образложение**: Во услови на децентрализиран систем на управување, општините мора да имаат гарантирано право самостојно да ги утврдуваат сопствените приоритети за реализација на капиталните инвестиции. На овој начин преку оваа мерка би се намалило дискреционото право на органите на државната управа самостојно да одлучуваат каде ќе ги насочуваат средствата за капитални инвестиции, а често, поради несоодветна координираност со локалната власт, самата реализација на истите се одвива со тешкотии.

8. ЗЕЛС бара да се изврши измена на прописите со што ќе престане обврската за исплата на надоместоците за членовите на општинските изборни комисии, па оваа обврска повторно да се врати кон Државната изборна комисија како во минатото.

   **Образложение**: Општините, особено руралните, имаат огромен финансиски товар по основ на исплата на надоместоците за членовите на комисиите и другите обврски согласно прописите за организирање на изборите, што генерира огромни расходи по малите буџети.

9. Во Законот за продажба на земјоделското земјиште во државна сопственост да се предвиди дека средствата од продажбата на државното земјоделско земјиште ќе се распределуваат во соднос 20% за Републиката, а 80% за општините на чие подрачје се наоѓа земјиштето предмет на продажба.

   Во случај кога земјоделското земјиште се наоѓа на територијата на повеќе општини, средствата од продажбата на истото процентуално да се распределуваат помеѓу општините на чие подрачје се наоѓа земјиштето, согласно големината на продаденото земјиште.

   **Образложение**: Малите рурални општини на чија територија главна дејност е земјоделството, бараат начини да ја подобрат својата финансиска состојба. Општините сметаат дека земјоделското земјиште се наоѓа на територијата на општините и потребно е истите да остваруваат соодветен процент од средствата кои се остварени врз основа на продажба на земјоделското земјиште, што не е предвидено со актуелните прописи. Со предложеното решение ќе се овозможи поголем извор на финансиски средства за општините, а воедно ќе се обезбеди и поуспешно планирање и реализирање на веќе изготвени програми за рурален развој.

## УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЊЕ И ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

10. ЗЕЛС бара да се утврди форма на постојана консултација на надлежните Министерства и ЗЕЛС заради надминување на прашања од праксата поврзани со прописите од областа на урбанистичкото планирање, градењето и управувањето со градежното земјиште.

    **<u>Образложение</u>**: Со донесувањето на прописите од оваа област, се појавуваат проблеми во имплементацијата, што го забавува спроведувањето на постапките, а оваа состојба би можела да се надмине преку постојана форма на стручно – техничка соработка за итно давање упатства за спроведување на постапките уредени со Закон. Оваа форма е различна од партиципативноста и јавноста во фазата на донесување на прописите и се однесува на стручно – техничкиот дел поврзан со имплементацијата.

11. ЗЕЛС бара зголемување на износот на средствата за изработка на урбанистичките планови и урбанистичко планската документација како директна помош за општините, особено за руралните општини.

    **<u>Образложение</u>**: Со годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови се предвидуваат средства кои мора да имаат тренд на постојано зголемување како директна помош за општините. Постоењето на урбанистичко – планска документација често е предуслов за реализација на средства од Европската унија и останати меѓународни организации (Светска банка, ЕБРД итн.) чии средства се директно поврзани со уредувањето на просторот.

## ОБРАЗОВАНИЕ, ДЕТСКА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

12. ЗЕЛС бара да се утврдат коефициент на корекција на наменските и блок дотациите кој автоматски би се одразувал во пресметката на износот на дотацијата, како коректор на недостаток на средства поврзани со непредвидени околности од секаков вид во образованието, детските градинки и културните институции.

    **<u>Образложение:</u>** Искуството со енергетската криза, зголемувањето на цените на енергенсите, трошоците за превоз на ученици, греење итн. не може да бидат во целост однапред предвидени. Оттука потребен е корективен механизам преку коефициент на корекција на дотацијата пропорционално на растот или опаѓањето на цените и останатите трошоци.

13. Да се спроведе процес на децентрализација на социјалните услуги. Оваа надлежност мора да биде исклучиво општинска заради директниот контакт на општината со потребите на групите граѓани кои ги користат овие услуги.

    **<u>Образложение</u>**: Состојбата со социјалната грижа и згрижување на лица со попреченост, на возрасни, на жртви од насилство, како и многу други во оваа категорија, природно би било да припаѓаат на локалните самоуправи, кои како што кажавме предходно, се најблиску до граѓаните и најдобро ги знаат нивните

потреби. Во сегашниот случај се забележува прилично голема исклученост на општините во секој сегмент, освен во делот кој што се однесува на инфраструктурни работи, извештаи, помагање на невладините организации, а сето тоа општините го прават без никаков надомест. Затоа и предлагаме да се отпочне со размислување и дел по дел префрлување на надлежности и финансиски ресурси на општините.

## СИСТЕМ НА ЛОКАЛНА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА

14. Со Закон да се утврди основ Владата да го утврдува начинот на утврдување на висината на платите на пожарникарите во противпожарните единици со Уредба, заради утврдување на воедначен начин на пресметка на платата и надоместоците на плата, и тоа на предлог на Министерството за одбрана со оглед дека овој орган е надлежен за уредувањето на областа на противпожарната заштита.

    Блок дотацијата која се исплатува за пожарникарите да соодветствува со бројот на пожарникари во секоја противпожарна едница и да биде во согласност со потребниот број на пожарникари, согласно Закон за пожарникарство, односно на секои 1500 жители, да има вработено 1 пожарникар.

    **Образложение**: Согласно системот на противпожарната заштита, како пренесена надлежност општините на своето подрачје основаат противпожарни единици, а платите и надоместоците на плата за преземените пожарникари се исплаќаат врз основа на соодветна дотација. Со оглед дека постои неусогласена методологија на пресметка на платите во различни општини, постојат голем број на поведени судски постапки против општините, а оваа состојба може да се надмине доколку надлежен орган на управата се стекне со право да го пропише начинот за пресметката на платите и надоместоците на плата на пожарникарите согласно звањата утврдени со Законот за пожарникарството.

## ЛОКАЛНИ ЈАВНИ ПАТИШТА

15. Финансиските средства за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавните патишта, кои се обезбедуваат согласно членот 55, точка 1 од Законот за јавните патишта, да се распределуваат на начин и според методологија која се применуваше до 2008 година, односно средствата од дел од акцизата од деривати од нафта да се приход и на единиците на локалната самоуправа.

    **Образложение:** Сегашното законско решение предвидува намалени средства за локалната самоуправа, средства со кои општините едвај можат да ги покријат трошоците за зимско одржување, а за редовна поправка и одржување на локалните патишта не може да стане збор со средствата кои се добиваат по другите основи.

Евидентно е дека со измената на Законот за јавните патишта во 2008 година настана драматично намалување на средствата за локалната самоуправа, односно општините престанаа да добиваат половина од средствата од акцизи, со што сите средства од акцизи остануваат во Јавното претпријатие за патишта. Со таа измена е направено намалување, со кое локалните власти едвај имаат средства да се справат со зимско одржување, а не и да размислуваат на реконструкции и градење на нови патишта.

16. Со ревизискиот извештај направен минатата година се утврди дека ЈП за државни патишта не уплаќала сретства во општините, кои се согласно Закон. Таа аномалија е утврдена неколку години наназад. Бараме да се изврши уплата на сите средства, кои изминатите години не биле уплаќани на општините.

## ПРОИЗВОДСТВО НА ЕНЕРГИЈА

17. Уште еднаш да се разгледа можноста и да се ревидира одлуката на министерството за транспорт и врски околу правилникот за наплата на комуналии при изградба на фотоволтаични елементи и ветерници. Нашето барање, кое го искажавме во дописот испратен до МТВ и Влада, јасно кажавме дека комуналната такса за изградба на фотоволтаици и ветерници треба да биде значително поголема. Исто така побаравме процент од производството на електрична енергија, односно профитот остварен на тој начин, треба да биде приход на општините.

    **Образложение**: Се поголеми се барањата за издавање на дозволи за изградба на фотоволтаични конструкции и ветерници по општините, а комуналната такса која при тоа треба да се плати на општината е многу мала. Наше мислење е дека, како и за концесиите на минерални суровини, и овде треба да се воведе некој процент, кој компанијата која ќе се бави со производство на електрична енергија од сонцето и ветерот, ќе треба да ја исплаќа на општината.